# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОДАЖБА И ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА ДЕЛОВНИТЕ ЗГРАДИ И ДЕЛОВНИТЕ ПРОСТОРИИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.51 од 31.03.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните ростории на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 13/13, 69/13, 104/13, 27/14, 42/14, 178/14 и 180/14), во членот 5 став (6) алинеја 8 зборовите: „уплатениот депозит" се заменуваат со зборовите: „банкарската гаранција".

**Член 2**

Во членот 10 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:
„(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, плаќањето на средствата од извршената продажба на деловниот простор изграден согласно со Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Македонија, се врши на сметка на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен и со деловен простор од значење за Републиката."
Ставот (3) станува став (4).

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".